# МАЛА СТАНИЦА, ГОЛЕМА ПОЛИТИКА



Сé почна со една стара магацинска зграда на скопската улица *Железничка* уште на почетокот на деведесетитте. Овој простор стана мошне атрактивен за културна активност, па на почетокот имаше и една успешна мултимедијална поставка под покровителство на Фондацијата Отворено општество. Подоцна, господинот **Слободан У.**, иден министер за култура, имаше намера овој простор да го облагороди со постојана активност. За таа цел се потруди да обезбеди владение над истиот. Сеедно од кои причини, Мала Станица не проработи сé до септември годинава. На Слободан У., со владина одлука и експресно, му е одземено владението врз просторот - којшто потез *Форум*, своевремено, го поздрави - а за три месеци, со благослов и пари на министерката **Ганка С.Ц.**, зградата беше "подготвена" за културна активност. "Проработи" на 11 септември 2002 година со свечено отворање, како "Унескова куќа на уметностите на земјите од Југоисточна Европа" во која се всели и Кинотеketа на Македонија.

На отворањето на Куќата, сега екс-директорката на Кинотеката **Весна М.**, најави дека во "нивната" сала ќе има кинотечни проекции. Ќе има или не, "зависи" од старо-новиот директор на Кинотеката, **Борис Н**. Ама, дојде новата власт и новиот министер за култура **Благоја С.**, па вели - тоа што беше, не важи, од парите до намената - сé на ревизија! Неговиот шеф **Бранко Ц.** го враќа **Климе К.** за директор на Музејот на град Скопје, но не му ја дава и *Мала станица* зашто му должи на својот (некој) сопартиец ***Калимеро Н.Н.***, директорско место... Во меѓувреме, *Мала станица* е недовршен и неактивен - мртов простор. Новата власт вели дека во финансиите и сопственоста има многу матни работи...

И, резигнирано констатирам дека, за да се опише судбината на овој мал културен храм што никогаш не се издигна до високата политика, не можеме да бидеме ни толку духовити во коментарите, колку што стварноста е смешна.

***Влатко ГАЛЕВСКИ***